инфо-
# КОЧАНИ
весник на Општина Кочани
година IV број 63 * септември 2010 година * излегува еднаш месечно
www.kocani.gov.mk
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК






## ОТВОРЕНА НОВАТА ЕДНОШАЛТЕРСКА КАНЦЕЛАРИЈА



# ПОДДРШКАТА ОД ГРАЃАНИТЕ Е МОТИВ ДА СЕ БИДЕ КОНСТРУКТИВНА ОПОЗИЦИЈА

**Ѓорѓи Алексов**
член на Советот на општина Кочани

*Вие сте најмладиот член на Советот на општина Кочани и меѓу неговите најгласни опозиционери. Што за Вас значи практикувањето на политиката во ова тело?*

Уште во самиот избор си ги наметнавме принципите демократија, толеранција, достоинство и транспарентност по кои се водиме. Ова, вклучувајќи го и младиот дух и вечната борба за правда веројатно ме прави еден од поактивните советници. Земајќи предвид дека уште од самиот почеток најавивме дека ќе се однесуваме како конструктивна опозиција, даваме поддршка на секој позитивен проект што е во интерес на граѓаните, но исто така и жестоко ги критикуваме сите оние одлуки што не водат кон подобрување на состојбите и се однесуваат на нечии лични интереси. Покрај ова, ние иако сме опозиција имаме бројни позитивни иницијативи, предлози и сугестии за подобрување на животот на нашите сограѓани.

*Колку успевате како советничка опозиција да ја изолирате политиката во решавањето на проблемите од општа корист?*

Прво, ние сме политички претставници на најголемата опозициска партија, СДСМ, која пред граѓаните се претстави со изборна програма по која сме должни да се водиме поради поддршката што ни ја дадоа. Второ, непосредниот контакт со граѓаните и нивните актуелни проблеми како опозиција да ги отвориме пред надлежните органи. Во оваа година и половина секогаш сме давале поддршка на проектите што се од заедничка корист, се разбира така и ќе продолжиме сѐ во интерес на граѓаните на нашата општина.

*Како ја оценувате работата на извршната локална власт во периодот по локалните избори и каков развој на состојбите во Кочани очекувате до крајот на мандатот?*

Имаме повеќе од цела година зад нас. Точно е дека се реализираа неколку проекти како што се: патот кон браната Гратче, патот кон селата Тркање и Долни Подлог, но тие се почнати уште од претходниот градоначалник. Очигледно е дека сѐ уште немаме некој капитален проект во реализација, тука би ја спомнал браната Речани која беше ударен проект во изборната кампања на градоначаникот Димитровски. Се реализираат некои тековни активности во смисла крпење на патиштата, обележување „зебри", клупи итн. кои генерално не ги задоволуваат очекувањата на граѓаните. Во таа насока и не очекувам нешто драматично да се промени до крајот на мандатот.

*Во која сфера е постигнат најголем напредок по локалните избори во 2009 г.?*

За жал, морам да потенцирам дека најголем напредок по локалните избори има во тоталната партизација која се прави низ сите институции, на сите нивоа. Пробиени се сите професионални, етички и морални кодекси. Граѓаните најдобро ги чувствуваат последиците и очекувам на следните избори да ја казнат непромислената политика на ВМРО- ДПМНЕ.

*Неодамна советничката група на СДСМ реагираше на слабиот прилив на финансии од централната власт. Додека СДСМ беше и локална и централна власт, стигнуваше иста ваква забелешка од тогашната опозиција. Каков е вашиот став по ваквите забелешки и од едната и од другата страна?*

Еден од главните адути на владејачката партија беше и тоа дека власта и на централно и на локално ниво ќе пружи повеќе бенефити за нашата општина. Во изминатава година тие бенефити сѐ уште не се почувствувани. Што се однесува на периодот кога СДСМ беше власт и на централно и на локално ниво се направи Фабриката за вода, кој е капитален објект и чини неколку милиони евра, се асфалтираше патот кон Полаки, се изгради ново училиште во с. Бели, се асфалтираа локалните патишта Горни Подлог-Долни Подлог-Мојанци, Прибачево-Грдовци-Мојанци, се направи канализациска мрежа во с. Тркање, се постави мост на Мала Река, се проби патот кон Јастребник, се изврши електрификација на селата во Осоговијата итн. СДСМ зад себе има оставено доста успешни проекти, кои секако не се доволно. Меѓутоа, сите лица кои од тука се избрани на централна или локална функција треба да се водат од тоа што повеќе да придонесат за подобрување на условите за живеење, стопанисување и развивање на нашата општина, без разлика од која политичка партија потекнуваат.

*Генерално, од опозицијата произлегува незадоволство од реализираните проекти, па се нагласува потребата од поголеми проекти кои во целост би го подобриле квалитетот на живеењето во Кочани. Според Вас, кои се тие проекти?*

Станува збор за капитални проекти кои драстично можат да ја подобрат состојбата. Пред сѐ би ја спомнал браната Речани како втора фаза или надоврзување на Фабриката за вода, искористувањето на геотермалните води преку бањолошкиот центар кој проект го претстави претходниот градоначалник, развивање на патната инфраструктура со автопат Велес-Делчево, гасовод и гасификација на Кочани, донесување на детален урбанистички план на цела Пониква и доближување на Пониква како сериозна туристичка дестинација до домашните и странските туристи. Само со вакви амбициозни проекти можат да се покренат работите во правилна насока.

СОСТАНОК НА МЗ СО ЦЕНТАРОТ ЗА КРИЗИ

## ИНФОРМИРАЊЕТО Е СУШТИНСКО ЗА НАВРЕМЕНО РЕАГИРАЊЕ



ПОЧНУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРВИОТ РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ

## АСФАЛТ ЗА ПАНТЕЛЕЈ – РАЈЧАНИ – ТУРСКО РУДАРЕ



ИЗБРАН ИЗВЕДУВАЧОТ НА ЕПЦ

## ПРОЕКТОТ ЕКОЛОШКА САНАЦИЈА И ЕНЕРГЕТСКА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА



ЗЛАТЕН ЈУБИЛЕЈ НА БОРАЧКИОТ КЛУБ „СПАРТАК“

## МИНАТО ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОСАКА ЗА ИДНИНА



инфо- весник на Општина Кочани
КОЧАНИ
излегува еднаш месечно
издавач
Општина Кочани
за издавачот
Ратко Димитровски
уредува
Редакциски колегиум
печати
Униконзум - Кочани
тираж
5000
e-mail:infokocani@mt.net.mk
www.kocani.gov.mk/vesnik/index.html
www.kocani.gov.mk

Известување
Весникот **Инфо - Кочани** може да се набави во Центарот за информирање во зградата на Општина Кочани и на сите дистрибутивни пунктови на "Актуелности"

*ПО ДЕВЕТНАЕСЕТТИ ПАТ*



# ПОЧНАА „ДЕНОВИ НА ОРИЗОТ“

Со изложбата на плакати од археолошките пронајдоци на локалитетот во Спанчево, во организација на Библиотеката „Искра“, а под авторство на Илинка Атанасова, започна овогодишната меѓународна културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“.

Од 27 септември до 24 октомври ќе се случуваат настани во чест на оризот – кочанското бело злато, соопшти на прес-конференција градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски.

Настаните поврзани најдиректно со оризовата жетва започнуваат со изборот на жетварска убавица, на 30 септември, на Летната сцена на центарот за култура „Бели мугри“, каде свој концерт ќе има Сашко Велков со пријателите. Годинава се поканети гости – официјални делегации и фолклорни состави од Турција, Бугарија, Србија, Хрватска и Словенија. Обичајот зажнејување ќе се изведе на оризовите површини во Грдовци, а годинава за првпат е востановена награда за избор на најуспешен земјоделец, за која можат да конкурираат земјоделци од нашата општина кои имаат остварено натпросечни приноси и квалитет на одредена земјоделска култура и кои произведуваат еколошка здрава храна. Наградата е земјоделска приклучна машина до 500 евра во денарска противвредност.

Во рамките на издавачката дејност на Општина Кочани, годинава ќе бидат поддржани и промовирани делата „Селекција на ориз“ од д-р Добре Андов и д-р Даница Андреевска и „Правилна примена на ѓубривата, еден од факторите за постигнување на високи квалитетни приноси кај земјоделските растенија“ од д-р Даница Андреевска. Печатениот промотивен материјал за манифестацијата ќе биде збогатен со брошура посветена на содржините на минатогодишната манифестација, а во овие рамки е распишан конкурс за новогодишна честитка – 2011 г. – на кој можат да учествуваат сите ученици од основните и средните училишта, а средствата ќе бидат наменети за добротворни цели.

Новитет за ова издание на „Деновите на оризот“ е приредувањето фолклорни концерти и надвор од Кочани. Така ансамблите од Хрватска и Бугарија ќе можат да настапат и пред публиката во Македонска Каменица.

Најмладите годинава ќе учествуваат во модна ревија на модели од Соња Гиздавиќ, а своите творечки потенцијали ликовните и литературните творци ќе ги изразат на темите „Оризот наш бел од нашите срца е дел“, „Зелено, жолто па бело и во моево село“ и „Денови на оризот- мигови на радоста“. Традиционално, манифестацијата ќе заврши со Кочанскиот панаѓур кој ќе трае до 20-24 октомври.

25 СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ

# ЦЕНАТА НА ВОДАТА Е ПОВРЗАНА СО РАЗВОЈОТ НА *КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ*

Советот на општина Кочани, на 25 седница даде позитивно светло на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод" за корекција на цената на водата. За метар кубен вода домаќинствата ќе плаќаат по 31,50 денари наместо досегашните 26, 50 денари. Се зголеми и цената на канализацијата - од 2,7 на 6 денари по $m^3$. Во расправата по оваа точка и по полугодишниот извештај за работењето на кочанското комунално претпријатие, опозицијата во Советот, зголемувањето на цената на водата го доведе во корелација со позитивниот финансиски извештај на претпријатието, кое за шесте месеци од 2010 г. искажа добивка од 813 илјади денари.

- На седницата провејуваа и политички и економски аргументи и од позицијата и од опозицијата, сметам дека најиздржани беа аргументите во нашите калкулаци кои ги кажуваат реалните пресметки и претпоставените количини на испорачана вода и направени трошоци кои ќе влијаат на формирање финансиски резултат со позитивен префикс, изјави за медиумите директорот на КЈП „Водовод", Љупчо Папазов.



- Во изготвувањето на тие калкулации нѐ водеше идејата не само да оствариме позитивен финансиски резултат, туку да дадеме поквалитени услуги, да го прошириме обемот на извршување на тие услуги и опфатот на корисниците на кои ги даваме услугите.

Уште еден момент сакам да истакнам, тоа е потребата од развојната компонента со финансиските бенефити што ќе ги донесе новата цена. Како што спомнавме на самата расправа тоа е потребата од реконструкцијата на потисниот цевковод Грдовци-Кочани, чија замена би чинела 1,5 милиони евра. Овде е и потребата од набавка на друга опрема и средства за работа во Комуналното претпријатие, кои мораме да признаеме дека долги години не се обновувани. Затоа сметам дека времето ќе ја покаже исправноста на оваа одлука, додаде Папазов.

Според Славе Бојков, помошник директор за економски прашања, со новата цена на водата „Водовод" очекува годишен прилив од 12 милиони денари – при апсолутна наплата. Имајќи предвид дека наплатата се движи до 75%, годишниот прилив би бил 10 милиони денари.

За домаќинствата што трошат 8 $m^3$ вода, новата цена на водата ќе донесе плус 71 денар повеќе на месечната сметка, за потрошувачите на 10 $m^3$, 88 денари, а за оние што трошат 15 $m^3$ - 132 денари повеќе.

ОД ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА

# СМЕНЕТИ ДВЕ ТРЕТИНИ ОД СТАРИОТ ЦЕВКОВОД

4,1 километар од цевководот од средната зона на водоводната мрежа во Кочани е променет. Изведувачот „Жикол", кој работи на замената на старите азбестни и цементни цевки со полиетиленски и од лиено железо ја почитува одредената динамика за реализација и на одредени места веќе поставува асфалт врз ископаното.



- Градот се соочува со ископувања, отежнато одвивање на сообрајот во централното градско подрачје, понекогаш и со затворени улици, но тоа е од минлив карактер, вели градочалникот на Кочани, Ратко Димитровски, задоволен од текот на активностите, како и од придобивките од овој голем проект.

Според КЈП „Водовод" работите се одвиваат без проблеми и застои, а паралелно се работи и на промена на приклучоците на корисниците на вода од овој систем, што се очекува да биде завршено до крајот на февруари.

Средствата за реконструкцијата на водоводната мрежа се обезбедени со кредит од Светска банка. Со 600 илјади евра ќе се замени една третина од цевководот во средната зона на градот



во должина од 6,4 км. Рокот за отплата на кредитот е 10 години со грејс период од 3 години и каматна стапка шестмесечен либор. Со исполнување на четири од седумте критериуми, Општина Кочани дополнително, очекува грант од околу 120 илјади евра.

ОЛЕСНЕТА КОМУНИКАЦИЈАТА СО ГРАЃАНИТЕ

# ЗАПОЧНА СО РАБОТА НОВАТА ЕДНОШАЛТЕРСКА КАНЦЕЛАРИЈА



Од 17 септември официјално започна со работа новата Едношалтерска канцеларија во Општина Кочани. На површина од 200 метри квадратни, со посебен влез и обезбедена пристапна рампа, се создадени услови за работа на едно место на Комуналното, Одделението за урбанизам, за Даноци и на инспекциските служби – сите што имаат директен контакт со граѓаните. Целта е да се обезбеди поедноставување на процедурите и скратување на постапките во давањето општински услуги со ефикасно и ефективно работење на администрацијата.




- Овој проект има за задача да ја издигне на високо ниво комуникацијата помеѓу граѓаните и службите на Локалната самоуправа. Неговото значење е дотолку поголемо што е реализиран во соработка со невладиниот сектор. Со размената на простории помеѓу Здружението на пензионери и Општината, трите поранешни простории на кочанските пензионери, се реновираа и се преадаптираа во сала од „пејзажен" тип опремени со мебел и техничко-информатички елементи. Со ваквата соработка Општината доби современ центар за услуги, а пензионерите простории во строгиот центар на градот, рече градоначалникот на Кочани, Ратко Димитровски на свеченоста по повод отворањето.

- Работејќи на подобрување на услугите за граѓаните, на унапредување на комуникацијата со општинските служби, всушност даваме акцент и на главните административни принципи, меѓу кои е и принципот на фер –постапка кој го поддржува принципот на законитост, како и принципот на професионален интегритет на администрацијата што подразбира работење во кое нема пристрасност, неразумна и неоправдана оцена на ситуација, предрасуди или слично. Отвореноста и транспарентноста на Општината, изразена и преку овој Центар за услуги говорат и за грижата на локалната власт за заштита на јавниот интерес – интересот на граѓаните, додаде Димитровски.





Влезот на Едношалтерската канцеларија е од источната страна на зградата на општината, кај поранешната сала на пензионерите.

ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КОЧАНИ

# СРЕДБА СО ЖИВИТЕ СВЕДОЦИ НА ВОЈНАТА

По повод 7 Септември, Денот на ослободувањето на Кочани, градоначалникот Ратко Димитровски приреди прием за претставниците на Боречката организација на Кочани. На средбата покрај сеќавања за ослободувањето на Кочани од фашистичкиот окупатор, беа разменети мислења за унапредување на досегашната соработка со Локалната самоуправа. Потоа делегација положи свежо цвеќе на Споменикот на слободата.

- Боречката организација има добра соработка со Локалната самоуправа и за Денот на ослободувањето на Кочани секоја година сме поканети заедно да го прославиме празникот. Инаку, од нашата општина има 1650 учесници во НОВ, живи се уште 95, а граѓани продолжувачи на НОВ има 134. Тие доброволно стапуваат во оваа организација за да ги продолжат традициите на Револуцијата: зачувување на спомениците и спомен – обележјата, полагање свежо цвеќе на спомениците од поблиската и подалечната историја, рече Трифун Манојлов, претседател на Боречката организација во Кочани.





НА СЕДНИЦАТА НА СОВЕТОТ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## УСВОЕНА СТУДИЈА ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА БИОМАСАТА

Советот за развој на Источниот плански регион на седницата што се одржа на 17 септември на Поникваа кај Кочани, ја усвои Студијата за искористување на потенцијалите на биомасата за производство на енергија во општините од Источниот плански регион.

Со документот се предвидува искористување на биомасата, за што се заинтересирани и самите општини. Отпочнатиот проект за интегрално управување со цврст отпад, според Денис Жерновски, проект-менаџер, предвидува целосно управување со цврстиот отпад во 11 општини од регионот, за што е формирано посебно претпријатие со седиште во Штип.

Советот за развој на Источниот плански регион расправаше и за реализираните активности на Центарот за развој на овој регион за периодот јануари - август 2010 година доставени до Владата и до Секретаријатот за европски прашања.

СОСТАНОК НА МЗ СО ЦЕНТАРОТ ЗА КРИЗИ

# ИНФОРМИРАЊЕТО Е СУШТИНСКО ЗА НАВРЕМЕНО РЕАГИРАЊЕ

Со цел да ја зајакне соработката, Центарот за управување со кризи во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Полициската станица – Кочани и Територијалната противпожарна единица одржа состанок со претседателите на месните и урбаните заедници од Кочани.

- Сметам дека суштински момент е навременото информирање на надлежните институции за сите ризици и опасности, за да можеме навремено да реагираме. Најмногу треба да се работи на превенцијата, на раното откривање на секој ризик. Додека е во почетна фаза, опасноста се отстранува со помалку средства, а кога е е понапредна фаза потребни се повеќе средства. Токму затоа очекуваме да се зајакне соработката помеѓу месните и урбаните заедници и институциите во смисла на што помалку ризици и опасности по животите на луѓето и материјалните добра, потенцираше Зоранчо Иванов, раководител на Центарот за кризи во Кочани.

На состанокот, претставниците на месните и урбаните заедници ги изнесоа своите гледишта по ова прашање и предочија на најчестите опасности што им се закануваат. Глигор Димитров, претседател на МЗ Полаки смета дека селото Полаки, како и целата Осоговија во секој момент е кризно подрачје. Тој истакна дека овој прв



состанок е многу значаен и дека ваквата координација со надлежните институции ќе биде од голема полза.

ПОЧНУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРВИОТ РЕГИОНАЛЕН ПРОЕКТ

# АСФАЛТ ЗА ПАНТЕЛЕЈ - РАЈЧАНИ - ТУРСКО РУДАРЕ

Се потпиша првиот договор за реализација на регионален проект, со кој ќе се поврзуваат со асфалт кочанските со пробиштипски села во Осоговијата.



Во присуство на градоначалниците на Кочани и Пробиштип, на 17 септември во Општина Кочани, договорот за асфалтирање на патниот правец Пантелеј – Рајчани - Турско Рударе го потпишаа раководителката на Центарот за развој на Источниот плански регион, Драгица Здравева и претставниците на фирмите избрани за изведувач и надзор, скопските – „Бауер - БГ“ и Заводот за испитување материјали и развој на нови технологии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“.

ни канали, асфалтирање. Средствата во висина од 7,6 милиони денари се обезбедени од Бирото за регионален развој, со учество и на Општините Кочани и Пробиштип.

- Станува збор за дел од патот со вкупна должина од 7 км. Очекуваме во наредната година да продолжи реализација на овој патен правец, и Општините Кочани и Пробиштип да се поврзат преку овој регион, односно луѓето коишто живеат во селата Пантелеј, Рајчани, Турско Рударе, можат меѓу себе да комуницираат на овој начин, изјави за медиумите градоначалникот на Кочани и претседател на Источниот плански регион, Ратко Димитровски.

-Ние сме водечки регион во Република Македонија и со овој прв ваков проект од патна инфраструктура, којшто се реализира преку регионот, се покажува функционирањето на регионите во Републиka Македонија, истакна градоначалникот на Пробиштип, Тони Тоневски.

Според предвидената динамика, проектот треба да биде завршен за 3-4 месеци, но според неформалните разговори помеѓу изведувачот и надзорот, беше изразена недеж дека тој ќе биде готов и пред крајниот рок, посебно ако се земаат предвид и оптималните услови за асфалтирање кои завршуваат до средината на ноември.



Договорот предвидува поставување асфалт на 1,5 км на делницата Пантелеј – Рајчани, и уште 1 км помеѓу Турско Рударе - Рајчани, при што е предвидена работа на неколку позиции: машинско прочистување на трасата, тампонирање, ископ на одвод-

Проектот ќе придонесе за сообраќајно поврзување на осоговските краеви и заживувањето на повеќе села, кои поради немањето патишта се во опасност од изумирање, а сообраќајната мрежа би била од големо значење и за развојот на туризмот.

ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ

# ПРОДОЛЖУВА ПОДОБРУВАЊЕТО НА ИНФРАСТРУКТУРАТА



Изминативов период Секторот за урбанизам во континуитет работеше на изградба на потпорни ѕидови, пристапни патеки, краци од фекална и атмосферска канализација...

17 метри потпорен ѕид со средна висина од 2 м е изграден на улиците „Душан Петрески“, а шестметарски на улицата „Гроздан Трифунов“, кај Споменикот на непознатиот јунак. Со потпорен ѕид се подобри патната инфраструктура и на улицата „Стив Наумов“, а 23 - метарски ѕид е изграден и на улицата „Димитар Влахов“, спроти паркингот кај хотелот „Национал“. Градежната фирма „Ројал“ од Кочани месецов работеше и на потпорниот ѕид во должина од 6 метри и просечна висина од 2,5 м кај последниот мост што води кон браната Гратче.

Општината продолжува и со поддршка на граѓанските иницијативи, во кои месното население учествува со работна сила, а Општината обезбедува бетон. На тој начин е бетониран кракот што ги поврзува улиците „Роза Петрова“ и „11 Октомври“, пристапните улици „Киро Кикенски“ и „Цветан Димов“, а изградени се и потпорни ѕидови на улиците „Кресненско востание“, „Поп Арсов Блаже“ и „Пиринска“.

Улицата „Орце Николов“ доби крак за фекална канализација во должина од 117 м, а 40 - метарски крак е изграден и во Оризари. Поставени се решетки за прифаќање на атмосферската вода на улицата „Гоце Делчев“, „Димитар Влахов“, на паркингот кај Трговскиот центар блок „Б“ и на улицата „ Јени Фоча“.

Во текот на летниот период е извршено и тампонирање на улицата „Казанлак“ во Лесна индустрија.

НОВИ ПРИДОБИВКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

# ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИТЕ ОД ФОРУМОТ НА ЗАЕДНИЦАТА







Жителите на Калиманова глава добија нов парк со површина од 3000 м$^2$. Некогашниот неуреден простор обраснат со зеленило, помеѓу улиците„Роза Петрова" и„Сремска" доби клупи, играчки, рекреативен простор и зеленило.

Проектот Парковско рекреативно зеленило – Калиманова глава, еден од трите од Форумот во заедницата е завршен.

За реализација на овој проект беа обезбедени 1 милион денари од Швајцарската организација за развој и соработка и ФИИОМ, со 20 проценти учество на Општина Кочани.

- Носител на активностите беше Здружението на граѓани „Еднакви за сите" кое во буџетот на проектот учествуваше со 10 проценти. Изведувач беше Градежното претпријатие „Техком" – Оризари, под надзор на„Концепт ЕУ" од Кочани. Дополнително Општината обезбеди средства за електрична инсталација и поставување канделабри. Партнер на проектот е КЈП„Водовод" кој даде силна поддршка во реализацијата на проектот. Оттаму, дополнително ќе бидат поставени фонтана со вода за пиење и украсна фонтана – алпинет, информира Невенка Лефкова од„Еднакви за сите".

Проектот наиде на одличен прием кај граѓаните, а посебна кај најмладата популација. Останува пораката за коректно и одговорно однесување кон реквизитите од детското игралиште и зеленилото во паркот, кое ќе го одржува КЈП„Водовод" од Кочани.

Со средства од близу 5 милиони денари се реализираше и проектот Санација на Спортската сала, со кој беше заменета кровната конструкција, паркетот и беа поставена седалки за публиката. На изведбата работеше „Ројал" од Кочани. Носител на овој проект беше Организацијата на потрошувачи – Кочани, во партнерство со ЗГР„Авена". И во овој проект Општина Кочани обезбеди поддршка со целосно варосување на спортскиот објект, а десетте проценти учество во буџетот Организацијата на потрошувачи ги обезбеди преку расчистување, озеленување на теренот и ситни поправки во внатрешноста .

Со проектот Ограден училишен двор – поголема безбедност и сигурност, на учениците од „Св. Кирил и Методиј", СОУ „Љупчо Сантов" и ЈОУДГ „Павлина Велјанова" се постави ограда на дворниот простор.

- За овој проект беа наменети 2,3 милиони денари, од кои 640 илјади денари беа отповеќе за првично поставените позиции, па со нив се изведе бехатон-патека од источниот влез на училиштето до тротоарот, хортикултурно уредување на дворната површина и се обезбеди систем за наводнување, рече Голубинка Ѓорѓиева, директорка на ОУ „Свети Кирил и Методиј",

На завршната, деветта форумска сесија, пред пошироката јавност ќе бидат претставени реализираните проекти.

НОВИ КОНТАКТИ

# КОЧАНИ ВО ПРОЕКТНО ПАРТНЕРСТВО СО МЕЛИСАНО



Од 4 до 6 септември, делегација на Општина Кочани престојуваше во работна посета на Општина Мелисано, во Јужна Италија. Во улога на проектни партнери, претставници на Општината, Советот и бизнис секторот како и ученици од средните училишта учествуваа на работните средби од проектот ECLIPSE.

- Со овој проект Општина Мелисано аплицирала до Европската Комисија, по програмата за збратимени градови. Партнери во проектот може да се општини од земји со кадидатски статус во ЕУ. Меѓу шесте партнерски општини е и Кочани. Во Мелисано се одржа првиот состанок по одобрувањето на проектот. Темата беше 2010 - европска година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Имаше делегации од сите општини и сите имаа презентации за начинот на справувањето со сиромаштијата и животот на ранливите групи. Од другите презентации можеше да се види дека сите имаме сличен начин за надминување на овој проблем: давање помош, соработка со невладиниот сектор и интегрирање на социјалните категории, објаснува Зоран Манасиев, член на работната група.

Проектот продолжува и во секоја од другите општини ќе има посети, работни средби за општините да се зближат, збратимат. Следната средба е во мај идната година, во Литванија, а учесниците на проектот во Кочани ќе бидат во јули 2011 г. Манасиев истакна дека неслучајно е избран овој месец, за гостите да видат дел од содржините по повод Петровден -Празникот на Кочани, онака како што и тие за време на посетата можеле да го видат празнувањето на Општината Мелисано – со масовно присуство, народна веселба, традиционални народни игри и носии.

ДОНАЦИЈА ОД ОПШТИНАТА И СТОПАНСКИ СУБЈЕКТИ

# ВОЗИЛО ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА ДИЈАЛИЗА ВО КОЧАНИ

- Општината нема надлежност во здравството, но има морална одговорност да се грижи за подобрување на здравствените услуги во јавното здравство. Затоа, задоволство ми е денеска да бидеме на завршниот чин на примопредавањето на возилото наменето за пациентите на хемодијализа од Кочани.

Вака градоначалникот Ратко Димитровски го официјализираше донирањето на медицинското возило на Центарот за дијализа, хуманитарна акција што ја спроведе Општината со поддршка на осум кочански фирми: „Жанет-експорт“, „Комерцијална банка“, „Охридска банка“, Конфекцијата „ИНТ“, Печатницата „Европа 92“, Конфекцијата „Алма“ , Градежната фирма „Стоименов“ и Спортската обложувачница „Ас – спорт“.

Според д-р Марија Јорданова, директор на Општа болница - Кочани значењето на донацијата е големо, бидејќи нашите возила одат и 220 километри дневно, донесувајќи ги пациентите од дома до Центарот за дијализа и враќајќи ги назад. Ние ги покриваме Општина Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци и Пробиштип. Нашиот возен парк е застарен, па често моравме да се користиме такси, така што возилото е добредојдено, вели директорката.

За пензионерот Киро Богатинов, кој 12 години е на дијализа, возилото е голема помош. - Сакаме да се заблагодариме за големиот гест на нашите стопанственици и на општината. Знам дека пациентите не можеа да се згрижат тука, па мораа да одат во Струга. Немавме апаратура, превоз, па се бараше од другите оддели, вели Богатинов.



## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ „ГЕОКОМ“

# КОЧАНИ И МШЧУНОВ ВО ПРОЕКТИ ЗА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Во согласност со договорот од последниот билатерален состанок кој се одржа во Италија во рамките на проектот „Геоком“, од 23 до 26 август 2010 г., делегација од Општина Мшчонув, Република Полска беше во официјална посета на Општина Кочани.

Една од главните цели на ова посета беше да се истражат можностите за воспоставување идна соработка помеѓу општините со посебен осврт кон развој на геотермалните потенцијали во двете општини.

Работната група и градоначалникот Ратко Димитровски одржаа неколку состаноци со градоначалникот на Мшчонув, Јозеф Грегорз Курек и финансискиот менаџер Јадњига Барбулант. Притоа беше истакнато дека основна цел на идната соработка помеѓу општините е во областа на



подготовка на заедничка проектна документација за аплицирање до ЕУ-фондот за искористување на изворите на обновливи енергии.

Во наредниот период Општина Мшчонув ќе ги одреди финалните области за идна соработка и можните активности со Општина Кочани, а Спогодбата за соработка во конкретни области ќе биде потпишана по посетата на кочанската делегација на Општина Мшчонув, закажана за октомври.

За време на престојот, полските гости разменија мислења со надлежните од Општина Кочани за одговорностите на општините во Полска и Македонија и нивното директно влијание во областа на комуналните услуги, урбанизмот, образованието, културата, спортот и др. Беше дискутирано и за изворите на приходи во општините во Полска и Македонија и одговорностите и мерките кои општините во овие две држави може да ги преземат со цел да обезбедат подобри услови за странски инвеститори. Притоа беа разменети позитивни искуства особено во делот на тековните инвестиции.

## ИЗБРАН ИЗВЕДУВАЧОТ НА ЕПЦ

# ПРОЕКТОТ ЕКОЛОШКА САНАЦИЈА И ЕНЕРГЕТСКА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ,,ГЕОТЕРМА“ ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Во рамките на проектот Еколошка санација и енергетска рационализација на „Геотерма“ – Кочани, КЈП „Водовод“ потпиша договор со „Енергосистем“ од Скопје. Компанијата е избрана по тендерската процедура за изведба на ЕПЦ, односно за набавка, конструкција и инсталација на снабдувачки топлоизменувачки систем во Кочани од постојниот геотермален извор на топлина - Лот 2 - електрична



инсталација, топлоименувачка единица. Договорот што се потпиша на 20 септември е во вкупна вредност од 411.759 евра. Од нив консултантот „Блувотерс“ ќе плати 257.640 евра , КЈП „Водовод“ 139.119 евра, а Општина Кочани 15.000 евра.

Според овој Договор, изведувачот е обврзан да изведе инженерство, набавка и конструкција - договор за останати компоненти на проектот -Лот 2- електрична инсталација, топлоименувачка единица. Лот 2 ги вклучува компонентите за снабдување со електрична енергија од постојната трансформаторска станица и електрични инсталации, хидро-машински работи и пумпи, цевководи и опрема за топлоизменување вклучувајќи и зграда за сместување на топлоизменувачката опрема.

Со ова, проектот Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем влезе во својата завршна фаза, информираат од „Геотерма“ – Ко-



чани. Вкупната инвестициска вредност на овој проект кој започна да се реализира во 2006 г. е 1,5 милион евра. Со Анекс на договорот во ноември 2009 г. стигнаа нови 225 илјади евра за изработка на цевковод од оранжериите до бунарскиот систем во Подлог, со што се овозможува зголемено користење на геотермалната енергија и нејзино враќање во утробата на земјата.

*ВО РОМСКОТО МААЛО ВО КОЧАНИ*

# „СТАМЕН МАНОВ“ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ



- На улицата „Стамен Манов“ се градат потпорни ѕидови, како подготовка на теренот за асфалтирање. Изградени се 38 метри, остануваат уште шеесетина. Активностите на оваа улица ќе продолжат до крајот на годината, за да може следната година да се стави асфалт. Ова му го соопшти градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски на министерот без ресор, Неждет Мустафа, кој со цел да се запознае со текот на инфраструктурните активности во Ромското маало, на 2 септември го посети Кочани.

- Нашата цел како Влада и како национален координатор на Декадата на Ромите е да нема ромско место каде што ќе нема вода, канализација, асфалт... Веќе оваа година ја почнуваме нашата практична акција - секаде каде што живеат Ромите, пред сè да имаат чиста вода за пиење, електрично осветлување и да ги променат условите за живеење. Јас навистина сум среќен што градоначалникот храбро оди по стратегијата на Владата и ние сме подготвени од Декадата на Ромите да финансираме во подобрување на животните услови и задоволување на суштинските потреби на ромскиот народ, рече министерот Неждет Мустафа.

По изградбата на потпорните ѕидови што Општината ја прави со сопствени средства, ќе се асфалтира површина со повеќе од 500 метри кавдратни, со што ќе се спојат двата асфалтирани улични крака во Ромското маало во Кочани.



Врз основа на донесениот заклучок на Советот на општина Кочани , на седницата одржана на ден 18.06.2010 година , Одборот за организирање на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во согласност со Критериумите и постапка за доделување на Награда за најуспешен земјоделец на општина Кочани бр. 03-2100/1 од 20.05.2010 година, објавува

## ОБЈАВА

**за доделување Награда за најуспешен земјоделец на општина Кочани**

**1.** Во рамките на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ е востановена Награда за најуспешен земјоделец на општина Кочани.

**2.** Наградата може да ја добие:
-Евидентиран земјоделски производител кој има остварено натпросечни приноси на одредена земјоделска култура ;

**3.** Право да предлагаат кандидати за Наградата за најуспешен земјоделец на општина Кочани имаат:
- земјоделци од општина Кочани (може и самопредлагање);
- облиците на месна самоуправа на општина Кочани (урбани и месни заедници);
- надлежните органи од областа на земјоделието- ПЕ за земјоделие-Кочани, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделието-Кочани ;
- научни установи од областа на земјоделието ;
- асоцијации на земјоделците на општина Кочани ;
- трговски друштва чија дејност е од областа на земјоделието ;
- членовите на Советот на општина Кочани.

**4.** Предлозите треба да бидат образложени .

**5.** Предлозите во писмена форма се доставуваат до Општина Кочани на адреса ул: „Раде Кратовче“ бр.1 или во Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани .

**6.** Наградата е земјоделска приклучна машина во износ од 500 евра во денарска противвредност .

**7.** Објавата трае од 22.09.2010 година до 01.10.2010 година .

Одбор за организирање на манифестацијата
**„Денови на кочанскиот ориз“**

ВО ТРЕТАТА КАМПАЊА ИСТРАЖУВАЊА

# ОТКРИЕН НОВ АРХЕОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ВО **СПАНЧЕВО**



Заврши ја овогодишните археолошки истражувања на локалитетот „Свети Атанас“ во селото Спанчево. Во третата кампања продолжија сондажните истражувања на двата сектора - јужен и северен.

- Откриените фрагментирани керамички садови и фигуринки во една од сондите на северниот сектор укажуваат дека навистина станува збор за едно ритуално место или за светилиште коешто со почетните истражувања од 2008 г. само го претпоставуваме, соопшти на прес-конференција кочанскиот археолог Илинка Атанасова.

Интересен материјал понудил и јужниот сектор. Станува збор за култен објект со кружна основа, каде што оваа година истражувањата се симнати на ниво на природна карпа при што се откриени седум обредни јами. - Целиот материјал што го откриваме ни укажува на претпоставуваниот временскиот период - значи 5.000 години п.н.е. или периодот на енеолитот, кога сточарските племиња од зад Карпатите, коишто патем, ја познавале во голем дел и металургијата, се приближуваат на југ во потрага по подобри услови за живеење при што стигнуваат и до овие краеви и со себе носат една сопствена култура, која на овие простори се меша со автохтоно население и добива локални карактеристики, објасни Атанасова.

Од наодите посебно беше издвоена една глава од фигуринка истовремено и со зооморфни и антропоморфни карактеристики. - Се работи за претстава на еден јарец или овен, убаво се гледа изработена неговата брада, носот, ушите, очите и за жал му недостига еден мал дел, кој ние претпоставуваме дека би можело да се рогови. Бидејќи станува збор за една духовна култура којашто ја негувале нашите предци на овие простори, претпоставуваме дека симболично се повикувале да имаат богат лов, или пак се работи за некаков племенски главатар којшто го води тоа население овде, додава Атанасова.

Освен неа откриени се поголем број фрагментирани женски фигуринки, меѓу кои има една со димензии од само 13 мм (горниот дел на телото), што значи дека целата фигуринка би изнесувала околу 3 см. Од керамиката којашто е пронајдена голем дел се фрагменти со врежување и фрагменти со графитно сликарство. Пронајдени се чаши, чинии, а од другиот движен материјал има коскени и камени алатки и голем број кремени ножиња, кои оваа година првпат се најдени на истите места на коишто се наоѓаат фигуринките што можеби повторно укажува на одредена симболика која ја негувало тогашното население.

Во трите досегашни кампањи на археолошките истражувања на локалитетот „Свети Атанас“ во Спанчево, финансирањето одеше преку Министерството за култура на Република Македонија. Поднесена е апликација и за 2011 година и доколку се одобри предложениот проект, наредната година истражувањата ќе продолжат. Носител на овие активности е Библиотеката „Искра“ - Кочани која во 2009 г., кога беше распишан конкурс за проекти од национален интерес, Одделот Музејска збирка беше во нејзин состав.



*ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ВО ПОСЕТА НА УЧИЛИШТАТА*

# УСПЕШЕН ПОЧЕТОК ВО НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА



На 1 септември, градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски се најде меѓу учениците за да им го честита почетокот на новата учебна година и да види како се организираат првите училишни часови.

Посетувајќи ги училиштата во Тркање, Нивичани, „Свети Кирил и Методиј" и „Љупчо Сантов", Димитровски констатираше дека подготовките успешно се завршени, а наставата секаде е во најдобар ред.



- Оваа учебна година е значајна по тоа што прв пат во Општина Кочани се воведува продолжен престој на учениците во ОУ „Никола Карев". Подготовките се завршени, нема импровизации, наставата ја изведуваат редовно вработени - стручни лица. Очекуваме успешен почеток на продолжениот престој кој сега целосно финансиски го поддржува Општина Кочани, за да може во наредниот период да го финансира и Министерството за образование. Летниот период најголемите зафати беа во ОУ „Свети Кирил и Методиј", имавме интервенции во средното училиште „Љупчо Сантов", во „Малина Попиванова", секаде каде што се јави потреба, изјави Димитровски.

Во учебната 2010/2011 година се запишани вкупно 345 првачиња во сите пет основни училишта. Во градот има 265, а во населените места 80. Во Тркање има 22 првачиња, што по подолг период е поголем број. Оваа учебна година е зголемен и опфатот на ромските првачиња.

- Бројот на Ромите што се запишуваат во прво одделение е 56, и ние од оваа година воведовме една пракса, Ромчиња да има во секое од основните училишта, за да не се случува некои од основните училишта да бидат „ромски" , и да се слушаат гласини дека таму нема квалитетна настава или сл. Очекуваме дека овој гест ќе биде поздравен од сите граѓани на Кочани и дека во наредната година нив ќе ги има во сите основни училишта. Има Роми ученици во прво одделение на возраст од 10 години, кои за жал досега не биле опфатени, но согласно Законот за основно образование, и тие се прифатени во прво одделение, истакна градоначлникот Димитровски.

*ЗАПОЧНА ЦИКЛУСОТ ПРЕДАВАЊА ЗА ТИНЕЈЏЕРИТЕ*

# ЗНАЕЊЕ ПЛУС ЗА ЗДРАВЈЕ ПЛУС

Со првото предавање што се одржа во Советувалиштето во Центарот за репродуктивно и сексуално здравје, започна реализацијата на проектот „Знаење плус за здравје плус". Целта е со триесетина предавања за репродуктивното и сексуалното здравје, младите од 13-16 години да стекнат повеќе здравствена култура и да ја подобрат комунакцијата на овие теми со медицинските лица и родителите.

- Ние спроведовме преданкета за да видиме колкаво е нивното знаење. Податоците велат дека учениците користат информации од другарчињата, а сосема малку се советуваат со родителите, и со доктор. Преку овој проект сакаме да нa-



метнеме дека докторите се блиску до нив. Кога ќе се зборува повеќе за сексуалното и репродуктивното здравје, мислам дека нема да постои табу-тема. Треба да се скрши мразот, да се надмине предрасудата дека тоа е срамно - застарено сфаќање што провејуваше во нашиот менталитет. Отворањето на тие теми е потребно за нивното здравје, вели Благица Ѓурковиќ , директорка на Центарот за јавно здравје во Кочани.

Предавањата ќе ги води д-р Костанда Костадинова која истакнува дека целиот циклус предавања е насочен кон заштита на репродуктивното здравје, од помалата па до крајот на тинејџерската возраст, со цел контактот меѓу докторите, пациентите и родителите да биде сè почест и поотворен.

Општина Кочани го реализира проектот со Асоцијацијата Х.Е.Р.А. од Скопје.

*РОДНОКРАЈНИ ПОРТРЕТИ*

# ВАНЧО ТУШЕВСКИ – ПОСВЕТЕНИК НА ЏИНОТ



Д-р Ванчо Тушевски е роден во Кочани во 1949 година, од родителите Вера и Михајло. Основно образование завршува во Кочани и Куманово, а средно на Воената воздухопловна гимназија во Мостар во 1970 година. Во 1975 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје на групата Историја на книжевностите на народите на СФРЈ, истовремено студирал и апсолвирал на групата за Македонски јазик и јужнословенски јазици како стипендист на фондацијата за талентирани студенти „Крсте Мисирков". Се вработил во 1978 година на матичната Катедра, а во 1979 година е избран за помлад асистент по предметот Македонска книжевност XIX век кај академик Харалампие Поленаковиќ. Во декември 1981 година магистрирал на тема „Јоаким Крчовски и изворите на некои од неговите дела" и по магистрирањето е избран за асистент по предметот Македонска книжевност XIX век. При крајот на 1989 година докторирал на тема„Јордан Хаџи Константинов –Џинот. Живот и дело" по што е избран за доцент. По 1993 година наставата по Македонска книжевност XIX век целосно ја презел д-р Ванчо Тушевски. Во својот работен век учествувал на бројни научни собири во земјата и во странство и објавил голем број научни трудови во стручни списанија и како посебни изданија (монографски публикации), во областа во која работел. Особено се посветил на проучување на животот и дејноста на Џинот, за што добил највисоко признание - наградата „Гоце Делчев", за книгата „Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Живот и дело".

Д-р Ванчо Тушевски почина во 2006 година во Скопје.

Во овој текст се дадени библиографски единици за оние научни трудови кои се во сопственост на Одделот за роднокрајна дејност во ЈОУ Библиотека „Искра" – Кочани.

*Виш библиотекар,* ***Вера Анастасова***







| |
|---|
| • Студии за браќата Константин и Андреја Петковичи, том I / Ванчо Тушевски, Менора, 2000 |
| • Поетика и реторика на новата македонска книжевност – XIX век / Ванчо Тушевски , Менора, 2000 |
| • Нова македонска книжевност / Ванчо Тушевски, Менора, 2008 |
| • Ванчо Тушевски, Позначајни библиографски единици на научни трудови за македонската преродба од 19 век (II),Скопје, 1978, Литературен збор бр.2, стр.195-198 |
| • Ванчо Тушевски, Позначајни библиографски единици на научни трудови за македонската преродба од 19 век (III), Скопје, 1979, Литературен збор бр.1, стр. 123-129 |
| • Ванчо Тушевски, Книгите се мостови, Скопје, 1979, Литературен збор, бр. 3, стр. 103-105 |
| • Ванчо Тушевски, Позначајни био-библиографски единици на научни трудови за македонската преродба од 19 век (IV), Скопје,1979, Литературен збор, бр. 4, стр.89-95 |
| • Ванчо Тушевски, Прилог кон проучувањето изворноста на афоризмите од Јордан Хаџи Константинов-Џинот,Скопје, 1979, Литературен збор, бр. 6, стр.75-79 |
| • Ванчо Тушевски, Гане Тодоровски, Веда Словена, Македонска книга,Скопје, 1979, Скопје, 1980, Литературен збор,бр.3, стр. 90-95 |
| • Ванчо Тушевски, Болен Дојчин и Скендербег, Скопје, 1981, Литературен збор, бр.4, стр.103-107 |
| • Ванчо Тушевски, Зора говора, Скопје, 1981, Литературен збор, бр.6, стр. 109-112 |
| • Ванчо Тушевски, Разголени народни кажувања, Скопје, 1982, Литературен збор, бр. 4, стр.109-112 |
| • Ванчо Тушевски, Македонската литература во XIX век (Општи карактеристики), Скопје, 1983,Литературен збор, бр.1, стр.75-86 |
| • Ванчо Тушевски, Даскал Јоаким Крчовски-учител и педагог, Скопје, 1982,Литературен збор, бр. 6 , стр. 69-77 |
| • Ванчо Тушевски, Охридските светилници во народната фантазија, Скопје, 1983, Литературен збор,бр. 4,стр.120-123 |
| • Ванчо Тушевски, Мотивската зависност на некои Цепенкови народни приказни од книгата за Синтип филозофот, Битола, 1981, Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско, МАНУ-Скопје,ДНУ-Битола,УНК-Битола, стр. 343-349 |

ВО БИБЛИОТЕКАТА „ИСКРА“

# ДРУЖБА СО ПОЕТИ ОД СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ

Кочани оваа година беше еден од петте градови во Македонија што ја имаа честа да бидат домаќини на учесниците на 49. издание на Струшките вечери на поезијата. Библиотеката „Искра“ како дом на кочанската поезија во август ги прими поетите учесници на годинешниот фестивал: естонскиот поет Сиим Кера, овогодишниот добитник на наградата на УНЕСКО и СВП за дебитантска книга, Кери Шон Кејс од Литванија, Мохамед Милоуд Гарафи од Мароко и Никола Маџиров од Македонија.



Средбата со членови на Литературниот клуб „Копнеж“ и љубители на пишаниот збор, помина во особено пријатна атмосфера, со петска реч.

Струшките вечери на поезијата доживеаја брз растеж и за кусо време станаа единствена меѓународна манифестација од ваков вид, еден вид мост меѓу литературните меридијани на светот. Уште повеќе, тие претставуваат една значајна трибина од која што секоја година одекнува полифоничноста на поетскиот збор, неговите хумани пораки и моќта да облагородува и зближува.



КОНКУРС

за литературни и ликовни творби и за цртање на асфалт

По повод манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз-2010“, Општина Кочани распишува литературен и ликовен конкурс на тема:

-*„Оризот наш бел од нашите срца е дел“*

-*„Зелено, жолто па бело и во моево село“*;

-*„Денови на оризот - мигови на радоста“*

Секое основно училиште може да достави најмногу 5 ликовни и 10 литературни творби кои претходно треба да бидат прегледани и селектирани од страна на наставникот – ментор. На конкурсот можат да учествуваат ученици од трето до осмо одделение.

Литературниот клуб „Копнеж“ може да достави најмногу 10 селектирани литературни творби.

Ликовните творби да бидат подготвени за изложба, бидејќи истите ќе бидат дел од ликовната изложба, што ќе биде организирана во рамки на Манифестацијата.

Краен рок за доставување на творбите е 5. 10. 2010 (вторник).

За цртањето на асфалт наставниците треба да одредат по 10 ученика од училиште кои ќе бидат поделени во 2 групи и ќе обработуваат различни теми.

Групите однапред треба да се подготват за темите кои ќе ги сликаат на асфалт.

Материјалот за работа ќе биде обезбеден од организиторот.

Групите со најдобрите цртежи на асфалт ќе добијат пригодни награди.

Информации:

Аника И.Ѓорѓиева 072/275-689

Петре Ефремовски 072/275-636

ИЗЛОЖБА

# НАКИТ ОД МАРЕ МАКСИМОВА

Во просториите на Библиотеката „Искра“, во септември беше отворена изложба на накит од Маре Максимова, наша сограѓанка која подолг период живее во Италија.

На изложбата беше претставен накит од полимерна глина, уникатни парчиња изработени со голема инвентивност.



Накитот отсекогаш ме привлекувал и уште како мала сакав да правам нешто со свои раце. Материјалот од којшто го изработувам овозможува обликување на секакви форми и бои, лесен е за работа и за вметнување на мониста, стакло, дрво, жица. Правам необични форми, футуристички фигуринки, смешни апликации, реплики на животни, цветови, а инспирација наоѓам насекаде околу мене, објаснува авторката.

Максимова накитот го има презентирано во Италија. По нејзиното прво медиумското претставување во Македонија, на изложба накитот за првпат е преставен и во Кочани.

ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ - СЕПТЕМВРИ
ОД БИБЛИОТЕКА „ИСКРА“ - КОЧАНИ

## НАЈБАРАНИ КНИГИ ЗА ДЕЦА:

„Девојчето од шестата месечина“ – Муни Вичер,
„Шармери од осмо“ – Велко Неделковски,
“Срце“ – Едмундо де Амичис.

## НАЈБАРАНИ КНИГИ ЗА ВОЗРАСНИ:

„Славејот“ –Галовеј Моргана,
„Лажна свршеница“ – Аманда Квик,
„Пет дена во Париз“ – Даниела Стил.

ЗЛАТЕН ЈУБИЛЕЈ НА БОРАЧКИОТ КЛУБ „СПАРТАК“

# МИНАТО ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОСАКА ЗА ИДНИНА

Со турнир во борење и промоција на монографија, Борачкиот клуб „Спартак“ од Кочани одбележа редок јубилеј – 50 години од формирањето.

На теренот на Младинскиот спортски центар, на отворено, педесетина учесници, борачи од Перејаслав Хмељнитски од Унгарија, „Балканец“ од Штип и „Бучим“ од Радовиш придонесоа кочанската спортска јавност да ужива во нивните вештини.



- Привилегија за секоја општина е да има спортски клуб како што е „Спартак“ кој е олицетворение на успеси од светски ранг и кој во континуитет произведува борачи, судии, тренери, спортски работници, селектори... Горди сме што низ педесетте години од своето постоење „Спартак“ градеше спортскиот дух и култура во нашата средина, и беше вистински промотор на Кочани низ Европа и светот, рече градоначалникот Ратко Димитровски во своето обраќање по повод јубилејот. Затоа од името на граѓаните на Кочани сакам да им се заблагодарам на сите кочански борачи кои борејќи се на душекот и радувајќи се на освоените пехари и медали во истовреме го создаваа најтрофејниот клуб во општината и го издигнаа „Спартак“ во бренд на Кочани. Очекувам резултатите на Ефремов, Јанев, Соколов, Нешев, Донев, Ангелов и на легендата на македонското борење - Насе Насев да бидат мотив за многу нови генерации. Честитајќи го златниот јубилеј на „Спартак“, градоначалникот посака успесите што се дел од неговата историја да бидат и негова иднина.

Во присуство на звучни спортски имиња од македонското и светско борење и актуелни спортисти од Кочани, како кошаркарот Дарко Соколов, беше промовирана монографијата „Педесет години БК ’Спартак’“ од Киро Герасимов. Упатувајќи им благодарност за придонесот во развојот на борењето, прввин претседателот на Клубот, Јордан Јованов, а потоа и Насе Насев потсетија на најзначајните резултати и имиња. За постигнатите успеси и афирмацијата на Клубот, Насев им се заблагодари на Љупчо Јанев, повеќекратен државен првак на Југославија и меѓународен борачки судија, Коце Ефремов, носител на златото од Медитерански игри во Сплит 1979, на Влатко Соколов – европски кадетски шампион и европски и светски првак со „Бучим“ и учесник на Олимпијадата во Атланта.



Одбележувањето на јубилејот мошне емотивно го доживеа и Ристо Ѓорѓиев – Пирката, човекот кој го донел борењето во Кочани. - Ова за мене е голем успех, оти сметам дека борењето на градот го оставив како традиција. Среќен сум што сум негов иницијатор. Оставам аманет Клубот да продолжи и понатаму да работи, и ако сакаат помош од мене, можам да им ја дадам, изјави Ѓорѓиев за медиумите.

На свеченоста присуствуваше и популарното борачко име Шабан Трстена. - Мене ми е чест што сум дел од одбележувањето на јубилејот на Спартак, затоа што во првата генерација борачи бевме со Санде Донев, со кој настапивме на Балканските игри, и тоа пријателство останува, едноставно нè врзува спортот. Забележувам дека и граѓаните се гордеат со овој клуб, оти донеле многу медалји, рече Трстена.

Монографијата за „Спартак“ ја промовираше новинарот Илија Стефановски, кој го истакна значењето на печатениот труд.

- При собирањето материјал за историјата на Спартак, располагав со многу податоци бидејќи од 1970 г. како новинар го следам овој клуб. Беше задоволство да се работи со борачите и од помладата и со постарата генерација, сите настојуваа да ми обезбедат доволно фотографии и податоци. Книгата е срочена во рамките на материјалните можности, но, сепак остана уште многу, рече авторот на делото Киро Герасимов.

## ОПШТИНА КОЧАНИ

Централа -
**274 - 001**
Претседател на Советот на општина та-
**274 - 249**
Секретар на Општина Кочани -
**274 - 001/103**
Раководител на Сектор за финансии -
**274 -001/107**
Раководител на Сектор за локален економски развој -
**274- 001/ 104**
Раководител на Сектор за правни дејности -
**274 - 001 / 106**
Раководител на Сектор за урбанизам -
**274- 013 /119**
Раководител на Одделение за правни дејности -
**274 - 001/ 106**
Раководител на Одделение за јавни дејности -
**274 - 001/116**
Раководител на Одделение за урбанизам -
**274 -001/111**
Раководител на Одделение за комунални дејности -
**274- 013/106**
Раководител на Одделение за даноци, такси и надоместоци-
**274 - 001/107**
Служба за буџет, финансии, сметководство и јавни набавки -
**274 -001/ 105**
Служба за даноци, такси и надоместоци -
**274 - 001/105**
Служба за седници на Совет -
**274 -001/ 116**
Едношалтерска канцеларија -
**274 -001/113**
Одделение за комунални работи -
**274- 013/106**
Одделение за уредување на градежно земјиште -
**274 -013/103**
Служба за утврдување наплата на даноци на имот и промет на недвижности -
**274 -013/120**
Служба за издавање документација за градба -
**274 -013/ 103**
Самостоен референт за извршување на управни акти -
**274 - 001/114**
Одделение за ГИС и ИКТ-
**274 - 013 / 111**
Ревизори -
**274 - 013/ 114**
Градежна инспекција -
**274 -013 / 105**
Комунална инспекција -
**274 - 013 / 106**
Инепкција за животна средина -
**274 - 013/ 114**
Сообраќајна инспекција -
**274 - 013 /114**

## КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД

Централа -
**279 - 101; 279 - 123, факс - 270 -402**
Стопански двор -
**272 - 793**
Фабрика за вода -
**279 - 128**
Бунари - Грдовци -
**272 -776**
Геотерма - Кочани -
**279 - 110**
Геотермални води - Подлог -
**294 - 644**
Градска капела -
**272 - 793**

## ДРЖАВНИ ИНСПЕКТОРИ

Инспектор за управна постапка -
**071/420-148**
Санитарен инспектор -
**075/341-176**
Просветни инспектори -
**076/446-130; 076/446-110**
Инспектор за земјоделие -
**076/445-658, 076/445-708**
Инспектор за шумарство -
**075/563-369**
Трудов инспектор (Работни односи) -
**071/321-486**
Трудов инспектор (Заштита при работа) -
**070/384-294**
Инспектор за храна -
**076/445-050**
Инспектор за ветеринарство-
**075/463-432**

## ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРИ

Комунален редар - Симеон Ајтовски
**072/275-649, 033/274-013**
Инспектор за животна средина - Гоце Серафимов
**072/275-629, 033/274-001** (лок.114)
Градежен инспектор - Панче Грчев
**072/275-627, 033/274-013**
Градежен инспектор - Огњан Ѓорѓиев
**072/275-626, 033/274-013**
Сообраќаен инспектор - Ѓорѓи Наков
**072/306-079, 033/274-001** (лок.114)

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Анче Трифунов, претседател -
**072/275-602**
Бети Кузмоновска -
**072/275-608**
Звонко Митков -
**072/275-609**
Спирко Ѓоргиев -
**072/275-610**
Снежана Хаџипаунова -
**072/275-611**
Димитар Арсов -
**072/275- 612**
Жаклина Филипова Свеќароска -
**072/275-613**
Ацо Петров -
**072/275-614**
Даниела Тодосиева -
**072/275-615**
Добре Андов -
**072/275-616**
Љупчо Стојилков -
**072/275-617**
Љупчо Наков -
**072/275-618**
Огнен Јовиќ -
**072/275-619**
Ратко Христов -
**072/275-620**
Соња Атанасова -
**072/275-621**
Босилка Михајлова -
**072/275-622**
Аки Акиов -
**072/275-623**
Влатко Трајанов -
**072/275-624**
Ѓорѓи Алексов -
**072/275-625**

## ИНСТИТУЦИИ

Електродистрибуција Кочани -
**274-142, дежурна служба 272-167**
Фонд за ПИОМ -
**274-155**
Фонд за здравствено осигурување -
**279 -130, 279 -132, факс 279- 138**
Шумско стопанство "Осогово" -
**272-146**
Агенција за вработување - Кочани -
**272-205**
Основен суд Кочани -
**274-026; 271-014**
Основно јавно обвинителство Кочани -
**274-021, 272-762**
Јавно правобранителство -
**274-678**
Центар за социјални работи -
**274-139**
Центар за култура "Бели мугри" -
**272-181**
ЈОУ Библиотека "Искра" -
**272-479**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство -
**272-124**
Министерство за правда -
**274-152**
Канцеларија за туризам- Кочани -
**270 -012**
Црква „Св. вмч. Ѓорѓи" -
**272-807**

## УЧИЛИШТА

ОУ "Св. Кирил и Методиј" -
**270-679; 272-711**
ОУ "Никола Карев" -
**274-216**
ОУ "Малина Попиванова" -
**271-692**
ОУ "Раде Кратовче" -
**274-037**
ОУ „Крсте Мисирков" -
**294 - 579**
ОМУ "Ристо Јуруков" -
**273-207**
СОУ "Љупчо Сантов" -
**271-246; 271-598**
СОУ "Гошо Викентиев" -
**294-247, 279-001**

**********************************************

Автобуска станица -
**272 - 206**
Железничка станица -
**274-075**
Полициска станица - Кочани -
**271-002**
Брза помош -
**194**
Противпожарна служба - Кочани -
**271- 193**
Шумска полиција -
**273-666**
Општа болница -
**274-500**
Здравствен дом - Кочани -
**272 - 516**

# П Р О Г Р А М А

## за 19. меѓународна манифестација „ДЕНОВИ НА КОЧАНСКИОТ ОРИЗ 2010“



27 септември (понеделник)
12 ч. - ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани
Изложба на плакати со археолошки откритија од Спанчево
Автор: Илинка Атанасова

**30 септември (четврток)**
19 ч. - НУЦК „Бели мугри“ – Летна сцена
Избор на жетварска убавица
Настап на Сашко Велков и неговите пријатели
Изворен оркестар „Љупчо Сантов“ – Оризари

**1 октомври (петок)**
19 ч. - НУЦК „Бели мугри“ - Кочани
Изложби:
Фотографии за кочанскиот ориз
Плакати – „Македонски игран филм“

**7 октомври (четврток)**
13 ч. – Мултикултурен центар - Кочани
Квиз за оризот со ученици од училиштата од Кочани

**8 октомври (петок)**
17 ч. - Сала за состаноци во Општина Кочани
Прием кај Градоначалникот на претставници од фолклорните ансамбли

19 ч. Фолклорни настапи во Оризари, Тркање и Зрновци
- Настап на ансамбли од Хрватска и Бугарија во Македонска Каменица

**9 октомври (сабота)**
10 ч. - Улица „Маршал Тито“
Цртање на асфалт

12 ч. - Трговски центар - Кочани
„Боите на Македонија“
- Модна ревија на модели за деца и презентација на уметнички накит од Соња Драгољуб Гиздавиќ

14 ч. Градски стадион „Никола Мантов“ - Кочани
Фудбалски натпревар помеѓу женските фудбалски екипи на Крижевци и Кочани

16 ч. Големо оро и фолклорно дефиле низ улиците на Кочани

19 ч. НУЦК „Бели мугри“ - Летна сцена
Фолклорен концерт – свечено отворање

**10 октомври (недела)**
9 ч. Градски плоштад (поаѓање)
Велосипедска трка покрај оризовите полиња,

10 ч. Оризови полиња - село Грдовци
Обичај зажнејување на ориз
-Доделување награда на најдобриот земјоделец на општина Кочани
-Изложба на земјоделски алатки за ориз и ракотворби
-Изложба и дегустација на традиционални жетварски јадења
-Фолклорен концерт и народна веселба

**12 октомври (вторник)**
14 ч. - Градски плоштад
Тактичка вежба „Пламен 2010“
ТППЕ - Кочани

19 ч. - НУЦК „Бели мугри“ - Кочани
Концерт на староградска и изворна музика

**13 октомври (среда)**
13 ч. - Мултикултурен центар -Кочани
Промоција на книги од д-р Добре Андов и д-р Даница Андреевска

**14 октомври (четврток)**
11 ч. - ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани
Ликовна изложба - Слики од деца учесници на награден конкурс

12 ч. - Мултикултурен центар -Кочани
Поетско-музички хепенинг

**15 октомври (петок)**
13 ч. - ЈОУ Библиотека „Искра“ Кочани
Изложба на фотографии на стари згради во Кочани

**16 октомври (сабота)**
19 ч.- НУЦК „Бели мугри“
Свечено затворање на манифестацијата
Обраќање на Градоначалникот и доделување благодарници на учесниците

19.30 ч.
Театарска претстава „Љубовникот со голем стил“ - режија Горан Вуљаијиќ
- Народен театар Штип

20 - 24 октомври 2010 година (среда - недела)
Кочански панаѓур

*Општина Кочани*
Градоначалник,
**Ратко Димитровски**

# ПАТОТ ЌЕ ГО ПРОМЕНИ ЖИВОТОТ ВО СЕЛОТО







На 1200 м надморска височина, на Осоговските Планини, на североисток од Кочани, се наоѓа селото Небојани. Најголем дел од патот што води до него е покриен со асфалт, но девет километри низ стрмен планински дел, како што велат мештаните е црн пат. Недопрената природа пред секој минувач ја покажува својата убавина де со богатството од шуми, де со шумските плодови и билки, а Бела Река звучно го привлекува вниманието на минувачите за да го потврди своето име.

На 21 септември Небојани слави. Повод, повеќе народ да се реши да појде до селото. Оние што се определиле да живеат во градот не пропуштаат на овој ден да го видат родното село, да се присетат на училишните и младешките денови, да се фатат на оро, да празнуваат...

Некогашната училишна зграда од три простории, ги разбуди спомените на нејзините ученици. На ѕидот од училницата стои географска карта од поранешната држава, а наместо клупи сега има кревет - да пренокат намерниците. Другата просторија нѐ пречекува со посовремени знаци – пред неколку години била користена како избирачко место. Ако се погоди да има снег – може да се случи да остане и затворено, како што беше на последните избори... Пред влезот, дрво. - Го засади нашата генерација, вели нашиот соговорник, по кој овој јавен објект престанал да биде училиште и од 75 ученици во педесеттите години, останале само 3 во доцните осумдесетти.

- Во Небојани сега има повеќе „повратници“, а во зима, има околу дваесетина семејства. Млади се само две-три семејства, повеќе нема. Возраста на населението се движи од трисет до осумдесет години. Деца сѐ поретко се раѓаат... Младите се симнуваат долу, во градот. Таму живеат, раскажува претседателот на Месната заедница Небојани, Гоце Велов. Локалната самоуправа се труди да го одржува патот, а ако се донесе асфалт, сѐ ќе биде поинаку... Тука може да се занимаваме со земјоделство и со сточарство. Сега во овој крај 100-150 декари под компир. Имаме струја и вода. Локалната самоуправа овие две години направи многу за Небојани. Се направи еден мост, сега се подготвува уште еден со потпорни ѕидови, за да може да се минува во зима, кога дотекуваат реките од планината. И во вакви услови, ние сме во постојана комуникација со градот. Тоа што го произведуваме го симнуваме долу, секој четврток сме на пазар, по потреба и секој ден. Во контакт сме и со Центарот за известување. Месната заедница добро функцинира, се трудиме да обезбедиме оптимални услов за живот, и ако соработката со Локалната самоуправа продолжи на ваков начин, мислам дека ќе биде добро, додава Велов.

Мештаните се радуваат на празнувањето. Велат, откако постои црквата, овој ден е за селска слава - Мала Богородица. Се собраа и децата на 86-годишниот Цветко Миладинов, кој во далечната 1947 г. самиот учествувал во градењето на црквата и прв се венчал во неа.

Тодор Соколов, на лето престојува овде, а зима во Кочани. - Тука сум како домаќин на оваа црква. Работеле и дедовци и татковци наши, сега сме ние, а сакаме и нашите деца да продолжат. Овде, најмногу што треба е патот. Да имаме пат, младата генерација нема кај да оди, па ќе мора да се врати овде, но патот е најголемиот проблем.

По традиција, за празникот во Небојани многу жени беа облечени во народна носија. – Празник е, и затоа сум во народна носија, а ние си ја викаме свечена облека која сама си ја правев, ткаев, везев. И кога бевме млади носевме ваква облека. Нашите деца не знаат ни да плетат, ни да везат. Традицијата тешко се чува, жалат повозрасните.

Мишино, Лесково брдо, Праиште, Средна маала, Кацарица, Свињи дол, Огнанци - седумте маала од Небојани сѐ уште во себе ја чуваат убавината, но и тежината на планинскиот живот...





# ДЕНОВИ НА КОЧАНСКИОТ ОРИЗ 2010

Кочани, 27.09. - 24.10. 2010 год